РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 289/4
23.03. 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 149 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 52 седница одржана на 04.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Хемија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на англиски јазик„ на Природно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Хемија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на англиски јазик„ на Природно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на науки по хемија /во меѓународен промет академски назив: PhD in Chemistry.

Научно - истражувачко подрачје: 1. Природно-математички науки; Научно – истражувачко поле: 1.04-Хемија , Научно - истражувачко област: 1.04.00.01 Хемија, 1.04.00.02 Неорганска хемија, 1.04.00.03 Органска хемија, 1.04.00.04 Аналитичка хемија, 1.04.00.05 Физичка хемија, 1.04.00.06 Биохемија, 1.04.00.07 Применета хемија, 1.04.00.08 Образование по хемија, 1.04.00.09 Друго.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: Проф. д-р Трајче Стафилов, Проф. д-р Владимир Петрушевски, Проф. д-р Слоботка Алексовска, Проф. д-р Виктор Стефов, Проф. д-р Валентин Мирчески, Проф. д-р Методија Најдоски, Проф. д-р Љупчо Пејов, Проф. д-р Владимир Ивановски, Проф. д-р Игор Кузмановски, Проф. д-р Биљана Пејова, Проф. д-р Петре Макрески, Проф. д-р Јане Богданов, Проф. д-р Марина Стефова, Проф. д-р Марина Стојановска, Проф. д-р Јасмина Петреска Стојанова, Проф. д-р Миха Буклески.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-142/26 од 30.01.2026 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Хемија", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на англиски јазик„ на Природно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 02-1555/8 од 30.01.2026 година (наш бр. 08 - 289/1 од 30.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 49-та седницата одржана на 13.02.2026 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 – 289/3 од 06.03.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 52-та седница одржана на 04.03.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски